202617122745

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 3/25), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ТИПОВИТЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ СРЕДСТВА КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ ЗА АУДИО И ВИДЕОСНИМАЊЕ, КАКО И НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ НА СНИМЕНИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат типовите на техничките средства кои се употребуваат за аудио и видеоснимање, како и начинот на чување на снимениот материјал од страна на царинските службеници.

Член 2

(1) За аудио и видео снимање на превземените оперативни дејствија во царинското подрачје за прибирање информации и докази за сторени царински прекршоци и кривични дела од областа на царинското работење, од страна на царинските службеници се употребува техничко средство - уред (телесна камера), која е составен дел од централизираниот систем за управување со аудио и видео записи на Министерството за финансии - Царинската управа (во понатамошниот текст: Системот на телесни камери).

(2) Телесната камера од став (1) на овој член се состои од:

- камера со вградена меморија за снимање;
- вграден процесор за обработка на аудио и видео записи;
- батерија со контролер;
- интегриран GPS модул;
- wi-fi и 4G комуникациски модул (во зависност од конфигурацијата);
- централен софтвер за управување и евиденција;
- докинг станица за полнење и автоматско префрлање на податоците и
- централен серверски систем за складирање и архивирање на снимениот материјал.

(3) Телесната камера од став (1) на овој член се поставува на телото или на униформата на царинскиот службеник кој го користи.

Член 3

(1) Аудио записот од телесната камера од член 2 од овој правилник се снима во AAC формат или друг еквивалентен формат.

(2) Видео записот од телесната камера од член 2 од овој правилник се снима локално во вградената меморија на телесната камера во H.264 или H.265 формат или друг еквивалентен формат.

(3) По завршувањето на оперативните дејствија од член 2 став (1) од овој правилник или при приклучувањето на телесната камера од член 2 од овој правилник во докинг станицата, снимениот материјал автоматски се префрла во централизираниот систем за управување со аудио и видео записи на Министерството за финансии - Царинската управа.

(4) По успешното префрлање согласно став (3) на овој член, аудио и видео записите се чуваат единствено на централна локација во Министерството за финансии - Царинската управа, а пристап до истите имаат само овластени лица.

Член 4

Телесната камера од член 2 од овој правилник овозможува аудио и видео запис со:

- видео резолуција до 2688×1512 пиксели (2К) и 1920×1080 пиксели (Full HD);
- брзина на снимање од најмалку 30 слики во секунда;
- агол на снимање од најмалку 170°;
- снимање во услови на намалена осветленост со инфрацрвено осветлување со ефективен домет до 10 метри;
- фотографирање со резолуција до 61 мегапиксели;
- континуирано снимање до 14 часа;
- отпорност на вода и прашина согласно степен на заштита IP67;
- отпорност на пад од висина до 2,5 метри и
- AES 256-битна енкрипција на податоците или еквивалентна заштита.

Член 5

(1) При превземањето на оперативните дејствија од членот 2 став (1) од овој правилник од страна на царинските службеници се употребува Системот на телесни камери кој претставува централизирана информациска целина која ја сочинуваат:

- телесните камери од членот 2 од овој правилник;
- докинг-станиците;
- серверскиот систем за складирање и архивирање;
- централниот софтвер за управување и
- мрежната инфраструктура за пренос на податоци.

(2) Централниот серверски систем за складирање и архивирање од ставот (1) алинеја 3 на овој член е поставен во Министерството за финансии - Царинската управа и овозможува:

- автоматско преземање на снимениот материјал;
- централизирано складирање и архивирање на податоците;
- управување со кориснички права и нивоа на пристап;
- евиденција на сите активности поврзани со преглед, копирање и извоз на снимки и
- заштита од неовластен пристап, измена или бришење на податоците.

Член 6

(1) Сите аудио и видео записи создадени од телесните камери од членот 2 од овој правилник претставуваат службени податоци на Министерството за финансии - Царинската управа.

(2) Снимениот материјал од телесните камери од членот 2 од овој правилник се чува на централна локација во дата-центарот на Министерството за финансии - Царинската управа, согласно роковите утврдени во прописите од областа на архивското работење и интерните акти на Министерството за финансии - Царинската управа.

(3) Од страна на царинскиот службеник како корисник на телесната камера не треба да се врши локално чување, копирање, бришење или изменување на снимениот материјал.

Член 7

Системот на телесни камери овозможува:

- автоматско означување на датум и време на снимање;

- идентификација на телесната камера и на царинскиот службеник како корисник на истата;
- GPS означување на локацијата (доколку е овозможено) и
- водење на логови за сите активности извршени врз снимениот материјал.

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-6756/4
28 јули 2026 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.